Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 13 11 2026			
Орг.Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
05	285/27		

Сузана Димитриова
ул. „Ристо Стојков“ бр 14/11 Штип
ЕМБГ 1207968498050

Предмет: Спонзорство за реализација на меморијален турнир во мал фудбал, **барање,** доставува.-

До: Општина Виница

Со цел успешна реализација на меморијалниот турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“, кој по 12-ти пат треба да се организира во Виница, во период мај/јуни 2026 година (планот и програмата за реализација на натпреварите ќе Ви биде доставена дополнително), бараме Ваше учиство во реализација на наведениот турнир, согласно Вашите можности.

За успешна реализација на турнирот, бараме да се обезбеди: финансиски средства во висина од ***180.000,00 денари,*** спортската сала „Капетан Кирчо Димитриов“ и медицинска екипа за време на одржување на натпреварите.

За парична награда на трите првопласирани екипи потребни се финансиски средства во висина од 90.000,00 денари, односно 35.000,00 денари за првопласираната екипа, 30.000,00 денари за второпласираната и 25.000,00 денари за трето пласиранта екипа. За останатите трошоци потребни се 25.000,00 денари (за потребните спортски реквизити (топки), пехари за прво, второ и трето место, награди за најдобар голман, најдобар играч, најдобар стрелец, најстар и најмлад учесник на турниртот. Дополнително ќе треба да обезбедите печатење на плакати за турнирот, за исплата на спортски судии и за превоз за првопласираната екипа до Скопје и назад за време на реализација на Централниот меморијален турнир во мал фудбал во чест на загинатите бранители во 2001 година)

Барањето Ви го доставувам во Ваша надлежност и понатамошна постапка, со надеж дека ќе биде разгледано и позитивно ќе одговорите на истито, со што ќе придонесете за успешна реазлизација на меморијалниот турнир во мал фудбал „Капетан Кирчо Димитриов“ за 2026 година.

Со почит
Сузана Димитриова